бул. „Кузман Јосифовски - Питу“ бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

**Генерална дирекција Скопје**

**Сектор за информатичка технологија**

Број: **19-4465/1**

Датум: **02.07.2014**

Идентификациски број (шифра): **УЈП-ИТ-У.2-04/1**

Верзија број: **1**

Ефективен датум: **02.07.2014**

Број на страници: **10**

Правен основ: Врз основа на член 11 од Законот за Управата за јавни приходи („Службен весник на РМ“, бр.81/05...39/12), директорот на Управата за јавни приходи донесе

# УПАТСТВО
# за користење на електронски сервиси
# за радиодифузна такса

Изработил: Надворешен изведувач

Проверил: Благица Митровска (Раководител на сектор)

Одобрил: Весна Новаковиќ (Претставник на раководството за квалитет)

Директор: Горан Трајковски

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

## СОДРЖИНА

1. ПРЕДМЕТ ........ 3
2. ЦЕЛ ........ 3
3. ВРСКА СО ДРУГИ ДОКУМЕНТИ ........ 3
4. ДЕФИНИЦИИ ........ 3
5. ОДГОВОРНОСТИ И ОВЛАСТУВАЊА ........ 3
6. РЕГИСТРАЦИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИ СЕРВИСИ ЗА РДТ ........ 4
   6.1. Постапка за регистрација на правни лица и вршители на дејност ........ 4
   6.2. Постапка за регистрација за граѓани (физички лица) ........ 4
7. ВИДОВИ НА ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ ЗА РДТ ........ 8
   7.1. Преглед на даночна картица за РДТ ........ 8
   7.2. Печатење на даночна картица за РДТ ........ 9
   7.3. Преглед на неплатени обврски за РДТ ........ 9
8. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ........ 10
   8.1. Информирање ........ 10

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

## 1. ПРЕДМЕТ

Предмет на ова Упатство е да се опишат постапките и начинот на користење на електронските сервиси за радиодифузна такса (РДТ) на Управата за јавни приходи.

## 2. ЦЕЛ

Ова Упатство има за цел да обезбеди јасни насоки за обврзниците на РДТ (правни лица, вршители на дејност, физички лица) за постапката на регистрација и користење на поединечните услуги достапни преку електронските сервиси за РДТ на Управата за јавни приходи.

## 3. ВРСКА СО ДРУГИ ДОКУМЕНТИ

Ова упатство е поврзано со сите други документи во Управата за јавни приходи, согласно системот за управување.

## 4. ДЕФИНИЦИИ

Сите дефиниции се дадени во стандардот ИСО 9001:2008 и се усвоени во меѓународната размена.

## 5. ОДГОВОРНОСТИ И ОВЛАСТУВАЊА

- Секое лице кое се регистрира како корисник на системот, при пополнување на бараните податоци потребни за регистрација се запознава и дава согласност дека ќе ги почитува правилата и условите за користење на системот.
- Управата за јавни приходи ја обезбедува сигурноста на пристапот до системот за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, се применуваат организациски и технички мерки согласно Правилниците за заштита на податоци на Управата за јавни приходи.

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

# 6. РЕГИСТРАЦИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИ СЕРВИСИ ЗА РДТ

За да ги користите електронските сервиси за РДТ на Управата за јавни приходи потребно е претходно да се регистрирате, односно да поседувате Корисничко име и Лозинка.

## 6.1. Постапка за регистрација на правни лица и вршители на дејност

За правни лица, вршители на дејност кои се регистрирани корисници на системот е-Даноци https://etax-fl.ujp.gov.mk, доколку се обврзници за плаќање на РДТ, автоматски им е овозможено користење на електронските сервиси за РДТ. Не е потребна дополнителна регистрација, треба само да се најавите со постоечкото Корисничко име и Лозинка кое го користите за да пристапите на е-Даноци.

## 6.2. Постапка за регистрација за граѓани (физички лица)

### *6.2.1. Физички лица - Регистрирани корисници на постоечкиот систем е-Даноци*

Доколку сте регистриран корисник на постоечкиот систем за е-Даноци https://etax-fl.ujp.gov.mk, а сакате да ги користите електронски сервиси за РДТ, не е потребна дополнителна регистрација, односно треба само да се најавите со постоечкото Корисничко име и Лозинка.

Доколку во иднина дополнително се регистрирате како обврзник за плаќање на РДТ, можете да ги активирате електронските сервиси за РДТ на следниов начин:

Откако ќе се најавите на системот е-Даноци, со постоечкото Корисничко име и Лозинка, во менито Мојот Профил, со избор на табот “**РДТ**“ се отвора форма за внес на РДТ шифра. Морате да го штиклирате полето за овозможување на преглед и плаќање на РДТ, со што ќе ви се отвори поле за внес на шифрата за РДТ (интерен број од МРТ), кој можете да го видите од решенијата за РДТ, кои се утврдуваат од страна на Управата за јавни приходи (види слика 1).

Слика 1




* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

### *6.2.2. Физички лица кои не се регистрирани на е-Даноци*

Доколку сакате да се регистрирате само за користење на електронските сервиси за РДТ, во тој случај не мора да поседувате дигитален сертификат.

Од почетната страна на е-Даночните сервиси https://etax.ujp.gov.mk одберете ја електронската услуга за која ќе се регистрирате на системот за даночни сервиси, односно со избор на "Преглед и плаќање на РДТ" (види слика 2) ќе ви се појави форма за регистрација за користење на електронските сервиси за РДТ https://etax-fl.ujp.gov.mk/index_rdt.jsp (види слика 3).

Слика 2




* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

Слика 3




Со клик на копчето Следно >> одите на чекор 2 од регистрацијата, на кој мора да го изберете полето “Овозможи преглед и плаќање на РДТ“ и да внесете “Шифра РДТ“ во формата, односно Интерната шифра МРТ наведена во Решението за утврдување на радиодифузна такса (види слика 4).

Слика 4




* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

Со клик на потврди системот ве информира за следново (види слика 5).

Слика 5




На вашата е-пошта со која се регистриравте ќе ви бидат испратени податоци со Корисничко име и Лозинка.

### *6.2.3. Физички лица корисници на електронски сервиси за РДТ кои сакаат да користат други услуги преку системот е-Даноци*

Доколку покрај електронските сервиси за РДТ сакате да користите и други електронски услуги преку системот е-Даноци, на пр. да поднесувате даночни пријави, потребно е да поседувате дигитален сертификат за потпишување на регистрацијата за да ја заокружите постапката. Истото можете да го направите во делот **Мој профил**, со клик на копчето **Потпиши за поднесување на даночни пријави**, а на вашата е-пошта со која сте регистрирани ќе ви биде испратен линк за потпишување (види слика 6).

Слика 6




* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

# 7. ВИДОВИ НА ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ ЗА РДТ

Откако ќе се регистрирате за електронски сервиси за РДТ, ќе ви бидат овозможени следниве услуги:

## 7.1. Преглед на даночна картица за РДТ

За преглед на даночна евиденција за РДТ одете во менито “Даночна евиденција“, понатаму во подмени “Радиодифузна такса“, со што можете да добиете преглед на ставки за РДТ (види слика 7).

Слика 7




* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

## 7.2. Печатење на даночна картица за РДТ

Со клик на копчето печати овозможено е печатење на даночната картица за РДТ.

## 7.3. Преглед на неплатени обврски за РДТ

Со клик на менито "Сакам да платам" и со клик на подменито "Радиодифузна такса", се прикажуваат сите ставки кои се неплатени за РДТ (види слика 8).

Слика 8




* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

Со избор на ставките за плаќање можете да ја видите вкупната сума за плаќање (види слика 9).

Слика 9




## 8. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој документ стапува во сила со денот на неговото донесување.

### 8.1. Информирање

Објава: Веб страница на УЈП www.ujp.gov.mk
Карактер на документот: Јавен карактер
Целна група: Корисници на електронски сервиси за радиодифузна такса

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*